ДРЖАВНО МУЗИЧКО
УЧИЛИШТЕ
Бр. 08-89/1
22.05.2026 год.
БИТОЛА

# Државно музичко училиште – Битола

**ЈУНСКИ УПИСЕН РОК – ПРВО ПРИЈАВУВАЊЕ**

# О Г Л А С

**ЗА УПИС НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА**
**СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА**

**ВО ПРВА ГОДИНА ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ ЗАПИШАТ 34 УЧЕНИЦИ ВО 1 ПАРАЛЕЛКА, ВО КОЈА БРОЈКА ЌЕ БИДАТ ОПФАТЕНИ И УЧЕНИЦИ КОИ ЈА ПОВТОРУВААТ ПРЕТХОДНАТА УЧЕБНА ГОДИНА (ДОКОЛКУ ИМА).**
**СО НАСТАВА НА МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК, СПОРЕД НАСТАВНИТЕ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ ЗА УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – МУЗИЧКА УМЕТНОСТ УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА СЕ ЗАПИШАТ НА ПРОФИЛОТ:**

- **МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ**
- **МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР**
- **ТРАДИЦИСКИ ИГРАЧ-ПЕЈАЧ**

**<u>УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИ ВО ПРВА ГОДИНА СЕ:</u>**

- **УЧЕНИКОТ ДА ИМА ЗАВРШЕНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** (во средното уметничко образование може да се запишат и надарени ученици со завршено основно музичко образование, а со незавршено редовно основно образование, по претходна писмена согласност од Министерството за образование и наука на Република Северна Македонија врз основа на предлог од училиштето, со обврска паралелно да се здобијат со основно образование);

- **УЧЕНИКОТ ДА НЕ Е ПОСТАР ОД 17 ГОДИНИ, А УЧЕНИК СО ПОСЕБНИ ОБРАЗОВНИ ПОТРЕБИ ДА НЕ Е ПОСТАР ОД 25 ГОДИНИ;**

- **УЧЕНИКОТ ДА СЕ ОПРЕДЕЛИЛ ЗА ПЛАН И ПРОГРАМА ЗА СРЕДНО УМЕТНИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ;**

- **УЧЕНИКОТ ДА ГИ ИСПОЛНУВА КРИТЕРИУМИТЕ УТВРДЕНИ СО ОВОЈ КОНКУРС;**

- **ДА ГО ПОЛОЖИЛ ПРИЕМНИОТ ИСПИТ;**

- **ПОСЕБНИ УСЛОВИ УТВРДЕНИ ОД СТРАНА НА ДРЖАВНО МУЗИЧКО УЧИЛИШТЕ - БИТОЛА :**

- ЗА МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ - ЗАВРШЕНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ - ПИЈАНО, ВИОЛИНА, ВИОЛА (завршено основно за виолина), ВИОЛОНЧЕЛО, ГИТАРА, ФЛЕЈТА, КЛАРИНЕТ, САКСОФОН, ХАРМОНИКА, УДАРНИ ИНСТРУМЕНТИ, ТРУБА

- ЗА ТРАДИЦИСКИ ИГРАЧ-ПЕЈАЧ - ЧЛЕНУВАЊЕ ВО ФОЛКЛОРНО ДРУШТВО

- ЗА ТРАДИЦИСКИ ИГРАЧ-ПЕЈАЧ ПОТРЕБНА Е ПОТВРДА ОД СПОРТСКА МЕДИЦИНА

- ЗА СОЛО ПЕЕЊЕ ПОТВРДА ОД СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА УВО, НОС И ГРЛО (ПРОВЕРКА НА ГЛАСИЛКИ)

- ЗА УЧЕНИЦИТЕ КОИ ЗАВРШИЛЕ ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, А ЕДНО, ДВЕ ИЛИ ТРИ ОДДЕЛЕНИЈА ( VI, VII ИЛИ VIII ) ЗАВРШИЛЕ ВО СТРАНСТВО, ЗА ТИЕ ОДДЕЛЕНИЈА СЕ ЗЕМА УСПЕХОТ ОД ДЕВЕТТО ОДДЕЛЕНИЕ И ВАЖАТ ИСТИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИТЕ ДАДЕНИ ВО КОНКУРСОТ.

- УЧЕНИЦИТЕ ОД РОМСКА ЕТНИЧКА ЗАЕДНИЦА МОЖАТ ДА СЕ ЗАПИШАТ ВО ОДРЕДЕНО ЈАВНО СРЕДНО УЧИЛИШТЕ АКО ИМААТ ДО 10% ПОМАЛКУ ПОЕНИ ОД БРОЈОТ НА ПОЕНИ ПРЕДВИДЕНИ СОГЛАСНО КОНКУРСОТ ЗА СООДВЕТНИТЕ НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ И АКО ГИ ЗАДОВОЛУВААТ ДОПОЛНИТЕЛНИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ИСПИТ НА ЗНАЕЊЕ И ВЕШТИНИ ВО УЧИЛИШТЕТО.

- По исклучок, главната уписна комисија може да донесе одлука за запишување на особено надарен ученик со незавршено основно музичко образование за образовниот профил музичар изведувач – инструмент пијано, виолина, виола, виолончело, гитара, флејта, кларинет, саксофон и хармоника. Ваквата одлука може да се донесе по предлог на главната комисијата за спроведување приемен испит, во случај кога ученикот- кандидат за упис во средно музичко образование покажал исклучителна надареност на приемниот испит, односно освоил висок број поени по сите предмети од приемниот испит и освоил вкупно доволен број поени на конечната ранг листа како услов за запишување во средно образование. Кандидатот го положил приемниот испит според наставната програма за завршно одделение во деветгодишно, шестгодишно и тригодишно музичко образование. Кандидатот полага приемен испит кој треба да биде според програмата за годишен испит за IX одделение пијано, виолина, виола и виолончело и VI одделение гитара, флејта, кларинет, саксофон и хармоника, како и III одделение за контрабас и соло пеење.

**<u>ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ за запишување</u>**

**По успешното електронско пријавување, учениците во избраното јавно средно училиште ја доставуваат следната документација:**

**- ПРИЈАВА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ – пријавата учениците ја генерираат со печатење на електронската пријава преку системот на е-услуги;**

**- ОРИГИНАЛНИ СВИДЕТЕЛСТВА ОД VI-IX ОДДЕЛЕНИЕ;**

**- ОРИГИНАЛНИ СВИДЕТЕЛСТВА ОД ЗАВРШЕНО ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ ОД УЧИЛИШТА КОИ СЕ ВЕРИФИЦИРАНИ СО АКТ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РСМ;**

**- ДИПЛОМИ ЗА ОСВОЕНО I, II И III МЕСТО ОД МЕЃУНАРОДЕН НАТПРЕВАР И/ИЛИ ОСВОЕНО I МЕСТО НА ДРЖАВЕН НАТПРЕВАР ОД НАСТАВНИТЕ ПРЕДМЕТИ ШТО СЕ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СЕКТОРОТ, СТРУКАТА, НАСОКАТА, ОДНОСНО ИЗБОРНОТО ПОДРАЧЈЕ;**

**- ИЗВОД ОД МАТИЧНА КНИГА НА РОДЕНИТЕ (БЕЗ ОГЛЕД НА ДАТУМ НА ИЗДАВАЊЕ);**
**- ЗА ТРАДИЦИСКИ ИГРАЧ-ПЕЈАЧ ПОТРЕБНА Е ПОТВРДА ОД СПОРТСКА МЕДИЦИНА;**
**- ЗА ТРАДИЦИСКИ ИГРАЧ-ПЕЈАЧ - ПОТВРДА И ПРЕПОРАКА ОД ФОЛКЛОРНО ДРУШТВО;**
**- ЗА СОЛО ПЕЕЊЕ ПОТВРДА ОД СПЕЦИЈАЛИСТ ЗА УВО, НОС И ГРЛО (ПРОВЕРКА НА ГЛАСИЛКИ)**

**- ПРОЦЕНКА ЗА ПОПРЕЧЕНОСТ ОД СИСТЕМОТ ЗА ПРОЦЕНКА НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ.**

- **ПРИЈАВУВАЊЕТО СЕ ВРШИ ЛИЧНО ОД СТРАНА НА УЧЕНИКОТ, НЕГОВИОТ РОДИТЕЛ ИЛИ СТАРАТЕЛ ЕЛЕКТРОНСКИ ПРЕКУ ПОРТАЛОТ Uslugi.gov.mk СО ПОСЕБНА НАЈАВА ЗА УЧЕНИЦИ ПРЕКУ СОПСТВЕНИТЕ КОРИСНИЧКИ СМЕТКИ НА schools.mk**

**ПРИЈАВУВАЊЕТО И ЗАПИШУВАЊЕТО НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРШИ ВО ЈУНСКИ УПИСЕН РОК СО ДВЕ ПРИЈАВУВАЊА.**
**<u>ПРВОТО ЕЛЕКТРОНСКО ПРИЈАВУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ ЌЕ СЕ ВРШИ ОД 00:00 ЧАСОТ НА 12 ЈУНИ ДО 23:59 ЧАСОТ НА 15 ЈУНИ 2026 ГОДИНА.</u>**
**<u>ДОСТАВУВАЊЕТО НА ПОТРЕБНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА ДО УЧИЛИШТАТА Е НА 16 ЈУНИ 2026 ГОДИНА ОД 08:00 ДО 19:00 ЧАСОТ И 17 ЈУНИ 2026 ГОДИНА ОД 08:00 ДО 15:00 ЧАСОТ.</u>**
**<u>КВАЛИФИКАЦИОНОТО ТЕСТИРАЊЕ (ПРИЕМЕН ИСПИТ) ЌЕ СЕ ОРГАНИЗИРА ВО УЧИЛИШТЕТО ЗА СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ НА 22 ЈУНИ 2026 ГОДИНА, А КОНЕЧНИТЕ РАНГ ЛИСТИ СО РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЗАПИШУВАЊЕТО И СЛОБОДНИТЕ МЕСТА, ЌЕ СЕ ОБЈАВАТ НА 22 ЈУНИ 2026 ГОДИНА, НА ЈАВНО МЕСТО ВО УЧИЛИШТЕТО ИЛИ НА УЧИЛИШНАТА ИНТЕРНЕТ СТРАНИЦА.</u>**

<u>НАПОМЕНА ПРИ ПОДНЕСУВАЊЕ ДОКУМЕНТИ:</u>

ПО ОСНОВ НА ОПШТИ КРИТЕРИУМИ КАНДИДАТИТЕ ЗА МУЗИЧКАТА СТРУКА ТРЕБА ДА ОСВОЈАТ <u>МИНИМАЛНО 60 ПОЕНИ</u>,

**<u>КАНДИДАТИТЕ КОИ ГИ НЕМААТ ГОРЕНАВЕДЕНИТЕ ПОЕНИ НЕМА ДА БИДАТ ПРИМЕНИ И НЕ МОЖАТ ДА ПОЛАГААТ ПРИЕМЕН ИСПИТ.</u>**

## ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ЌЕ СЕ СПРОВЕДЕ :

а) МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ
**22 ЈУНИ 2026 – стручен приемен испит –10:00 часот**
**22 ЈУНИ 2026 - испит по инструмент – 12:00 часот**

б) МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР/ ТРАДИЦИСКИ ИГРАЧ-ПЕЈАЧ:
**22 ЈУНИ 2026- стручен приемен испит –10:00 часот**

- **РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ПРИЕМНИОТ ИСПИТ ЌЕ СЕ ОБЈАВАТ НА 22.06.2026 ГОДИНА** ПО ОБЈАВУВАЊЕ НА КОНЕЧНИТЕ РАНГ ЛИСТИ СО РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ЗАПИШУВАЊЕТО, УЧЕНИЦИТЕ КОИ НЕ СЕ ЗАПИШАНИ ВО УЧИЛИШТЕТО, ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЈА ПОДИГААТ ЦЕЛОКУПНАТА ДОСТАВЕНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ПОДНЕСЕНА ВО УЧИЛИШТЕТО ВО РОК ОД 24 ЧАСА, А УЧИЛИШТАТА ИМААТ ОБВРСКА ДА ЈА ВРАТАТ ЦЕЛОКУПНАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА НА УЧЕНИЦИТЕ ВО РОК ОД 24 ЧАСА.

# ОПШТИ КРИТЕРИУМИ

### УТВРДЕНИ ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА И КОИ СЕ ОДНЕСУВААТ ЗА СИТЕ ВИДОВИ ПРОФИЛИ ЗАСТАПЕНИ ВО ОВА УЧИЛИШТЕ

1. Среден успех на ученикот од VI-IX одделение ученикот може да добие **најмногу 50 поени,** (општиот успех од шесто, седмо, осмо и деветто одделение се собира, се дели со 4 и истиот број се множи со коефициент 10)

2. Среден успех постигнат по четирите предложени наставни предмети (два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката), ученикот може да добие **најмногу 20 поени (по 5 поени за секој предмет)**

- **музичка уметност**: мајчин јазик, англиски јазик, музичко образование, историја
- **балетска уметност – традициски профил** : мајчин јазик, англиски јазик, музичко образование, физичко и здравствено образование.

3. Диплома за освоено **прво, второ или трето место на меѓународен натпревар**, како и освоено **прво место од државен натпревар** (организирани од акредитирани здруженија на наставници за реализација на натпревари во основно образование од страна на Министерство за образование и наука) по мајчин јазик, странски јазик и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје, ученикот може да добие:
- за освоена прво место, второ и трето место или злетен, сребрен или бронзен медал на меѓународен натпревар 5 поени за прво, 4 за второ и 3 поени за трето место
- за освоено прво место на државен натпревар организиран од акредитирано здружение на наставници за реализација на натпревари во основно образование од страна на Министерство за образование и наука, ученикот може да добие **3** поени.

4. За средна вредност од поените за **поведение** од VI до IX одделение ученикот може да добие **најмногу 5 поени**
- примерно поведение се вреднува со **5** поени,
- добро поведение се вреднува со **3** поени и
- незадоволително поведение со **0** поени.

Средната вредност е збир од поените за поведението од шесто, седмо, осмо и деветто одделение поделено со 4).

**УЧЕНИКОТ ПО СИТЕ ОПШТИ КРИТЕРИУМИ МОЖЕ ДА ДОБИЕ НЈМНОГУ 80 ПОЕНИ**

# *КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР *

## МУЗИЧАР ИЗВЕДУВАЧ

### <u>ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР</u>

**<u>Напомена</u>**
УЧЕНИКОТ МОЖЕ ДА ОСВОИ МАКСИМАЛНО **<u>100 ПОЕНИ.</u>**
ЗА ДА БИДЕ ПРИМЕН НА СООДВЕТНИОТ ИНСТРУМЕНТ, УЧЕНИКОТ ТРЕБА ДА ОСВОИ **<u>НАЈМАЛКУ 51 ПОЕН ОД СТРУЧНИОТ ПРИЕМЕН ИСПИТ</u>**, НЕЗАВИСНО КОЛКУ КАНДИДАТИ СЕ ПРИЈАВИЛЕ И ДАЛИ ЌЕ СЕ ПОПОЛНАТ СЛОБОДНИТЕ МЕСТА ЗА СООДВЕТНИОТ ИНСТРУМЕНТ.
АКО СЕ ПРИЈАВАТ ПОВЕЌЕ КАНДИДАТИ ЗА ИСТ ИНСТРУМЕНТ, СЕ ПРАВИ РАНГ ЛИСТА И СЕ ПРИМААТ КАНАДИДАТИТЕ СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ ПОЕНИ.

1. СПОРЕД ЗАВРШЕНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА ВО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – **најмногу 12 поени:**

| **9 годишно** | | **6 годишно** | | **3 годишно** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Завршени одделенија во основно музичко | Поени | Завршени одделенија во основно музичко | Поени | Завршени одделенија во основно музичко | Поени |
| 1 - 2 | 2 | 1 - 2 | 2 | 1 | 2 |
| 3 - 4 | 4 | 3 | 4 | 2 | 6 |
| 5 - 6 | 7 | 4 | 7 | 3 | 12 |
| 7 - 8 | 10 | 5 | 10 | | |
| 9 | 12 | 6 | 12 | | |

2. СРЕДЕН УСПЕХ ОД ОСНОВНОТО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – **најмногу 8 поени:**
   - одличен ............... 8 поени
   - многу добар .......... 5 поени
   - добар ......................2 поени

3. СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ– **најмногу 60 поени:**
   - ритам.........................................20 поени
   - интонација ................................20 поени
   - музичка меморија..........................20 поени

4. ИСПИТ ПО ИНСТРУМЕНТ
   - најмногу 20 поени

СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ ЗА УЧЕНИЦИ КОИ НЕМААТ ОСНОВНО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ : **најмногу 80 поени:**

- Интонација............................ 20 поени
- Музичка меморија................ 20 поени
- Ритам..................................... 20 поени
- Познавање Ц-дур скала........ 20 поени

# ТРАДИЦИСКИ ИГРАЧ-ПЕЈАЧ

## ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР

**напомена**
УЧЕНИКОТ МОЖЕ ДА ОСВОИ МАКСИМАЛНО **100 ПОЕНИ.**
ЗА ДА БИДЕ ПРИМЕН УЧЕНИКОТ ТРЕБА ДА ОСВОИ **НАЈМАЛКУ 51 ПОЕН ОД СТРУЧНИОТ ПРИЕМЕН ИСПИТ,** НЕЗАВИСНО КОЛКУ КАНДИДАТИ СЕ ПРИЈАВИЛЕ И ДАЛИ ЌЕ СЕ ПОПОЛНАТ СЛОБОДНИТЕ МЕСТА
АКО СЕ ПРИЈАВАТ ПОВЕЌЕ КАНДИДАТИ СЕ ПРАВИ РАНГ ЛИСТА И СЕ ПРИМААТ КАНАДИДАТИТЕ СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ ПОЕНИ.

1. СПОРЕД ЗАВРШЕНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА ВО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – **најмногу 12 поени:**

| **9 годишно** | | | **6 годишно** | | | **3 годишно** | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Завршени одделенија во основно музичко | Поени | | Завршени одделенија во основно музичко | Поени | | Завршени одделенија во основно музичко | Поени |
| 1 - 2 | 2 | | 1 - 2 | 2 | | 1 | 2 |
| 3 - 4 | 4 | | 3 | 4 | | 2 | 6 |
| 5 - 6 | 7 | | 4 | 7 | | 3 | 12 |
| 7 - 8 | 10 | | 5 | 10 | | | |
| 9 | 12 | | 6 | 12 | | | |

2. СРЕДЕН УСПЕХ ОД ОСНОВНОТО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – **најмногу 8 поени:**
- одличен ............... 8 поени
- многу добар ........ 5 поени
- добар ...................2 поени

3. СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ - **најмногу 80 поени:**

-Оценка за техника на игра............ **најмногу 20 поени**

-Оценка за ритам.............................. **најмногу 20 поени**

-Оценка за народно пеење.............. **најмногу 20 поени**

- Оценка за солфеж .......................... **најмногу 20 поени**
(Интонација) – најмногу 5 поени
(Музичка меморија) – најмногу 5 поени
(Ритам) – најмногу 5 поени
(Познавање на C-dur скала) – најмногу 5 поени

## **МУЗИЧАР ТЕОРЕТИЧАР**

### **ДОПОЛНИТЕЛНИ КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**

**Напомена**

УЧЕНИКОТ МОЖЕ ДА ОСВОИ МАКСИМАЛНО **100 ПОЕНИ.**

ЗА ДА БИДЕ ПРИМЕН УЧЕНИКОТ ТРЕБА ДА ОСВОИ **НАЈМАЛКУ 51 ПОЕН ОД СТРУЧНИОТ ПРИЕМЕН ИСПИТ,** НЕЗАВИСНО КОЛКУ КАНДИДАТИ СЕ ПРИЈАВИЛЕ И ДАЛИ ЌЕ СЕ ПОПОЛНАТ СЛОБОДНИТЕ МЕСТА.

АКО СЕ ПРИЈАВАТ ПОВЕЌЕ КАНДИДАТИ СЕ ПРАВИ РАНГ ЛИСТА И СЕ ПРИМААТ КАНАДИДАТИТЕ СО НАЈГОЛЕМ БРОЈ ПОЕНИ.

1. СПОРЕД ЗАВРШЕНИТЕ ОДДЕЛЕНИЈА ВО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – **најмногу 12 поени:**

| **9 годишно** | | **6 годишно** | | **3 годишно** | |
|---|---|---|---|---|---|
| Завршени одделенија во основно музичко | Поени | Завршени одделенија во основно музичко | Поени | Завршени одделенија во основно музичко | Поени |
| 1 - 2 | 2 | 1 - 2 | 2 | 1 | 2 |
| 3 - 4 | 4 | 3 | 4 | 2 | 6 |
| 5 - 6 | 7 | 4 | 7 | 3 | 12 |
| 7 - 8 | 10 | 5 | 10 | | |
| 9 | 12 | 6 | 12 | | |

2. СРЕДЕН УСПЕХ ОД ОСНОВНОТО МУЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ – **најмногу 8 поени:**

- одличен ............... 8 поени
- многу добар .......... 5 поени
- добар .....................2 поени

3. СТРУЧЕН ПРИЕМЕН ИСПИТ – **најмногу 80 поени:**

- Интонација............................ 20 поени
- Музичка меморија................ 20 поени
- Ритам.....................................20 поени
- познавање Ц-дур скала......... 20 поени